З А П И С Н И К

Од првата конститутивна седница на Советот на општина Чешиново-Облешево, одржана на ден 11.11.2025 година,во просториите на општината – Сала на Совет.

Седницата започна во 09.00 часот.

Присутни: Горанчо Димишков ,Александар Саздов, Виктор Нестов, Даниел Гоцев, Грозде Митров, Христина Горгиев ,Дивна Зафирова, Бранко Стоименов, Влатко Заов, Борче Гигов и Дарко Стојанов

Присутни и: Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево г-н Јорданче Костадинов и претседателот од претходниот мандат на Советот на општина Чешиново-Облешево г-н Орце Митров

Записникот го води Марија Коцева –соработник за имотот на општина НВО и месна заедница.

Претседателот од претходниот состав на Советот на општина Чешиново-Облешево г-н Орце Митров им го честита изборот на новите членови на Советот со мандат од 2025 – 2029 година и им посака успешна работа, многу оставерни проекти , другарувања и чесна работа.

Потоа му даде збор на најстариот член на Совет од новоизбраниот состав г-н Бранко Стоименов да продолжи да ја води седницата.

- Бранко Стоименов

За првата – конститутивна седница предложен е следниот:

Дневен ред,

1.Одлука за избор на Комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Чешиново-Облешево за период 2025-2029

2.Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Чешиново-Облешево за период 2025-2029

3.Одлука за избор на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања

4.Одлука за избор на Претседател на Советот на општина Чешиново-Облешево

Дневниот ред се усвои со 11 гласа ЗА

1 Точка (Одлука за избор на Комисија за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Чешиново-Облешево за период 2021-2025)

За членови на Комисијата за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Чешиново-Облешево за период 2025-2029 се предложени следните членови:

Се предложија следниве членови:

1.Влатко Заов

2.Даниел Гоцев

3.Грозде Митров

Се премина на гласање за усвојување на предлозите.

Со 11 гласа ЗА се донесе Одлука членови на Комисијата за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Чешиново-Облешево за период 2025-202п да бидат: Влатко Заов, Даниел Гоцев и Грозде Митров.

2 Точка (Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Чешиново-Облешево за период 2025-2029)

Комисијата за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Чешиново-Облешево за период 2025-2029 се повлече и ги разгледа Уверенијата за избрани членови на Советот.

Комисијата му предлага на советот на општина Чешиново-Облешево да донесе Одлука со која ќе ги верифицира мандатите на следните членови на Советот:

1. Горанчо Димишков
2. Александар Саздов
3. Виктор Нестов
4. Даниел Гоцев
5. Грозде Митров
6. Христина Горгиева
7. Дивна Зафирова
8. Бранко Стоименов
9. Влатко Заов
10. Борче Гигов
11. Дарко Стојанов

Советот на општина Чешиново-Облешево едногласно со 11 гласа ЗА донесе Одлука со која ги верифицира мандатите на следните членови на Совет:

1. Горанчо Димишков
2. Александар Саздов
3. Виктор Нестов
4. Даниел Гоцев
5. Грозде Митров
6. Христина Горгиева
7. Дивна Зафирова
8. Бранко Стоименов
9. Влатко Заов
10. Борче Гигов
11. Дарко Стојанов

Се пристапи кон читање на Свечената Изјава:

“Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член во советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законот, прописите на советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Северна Македонија”.

3 Точка (Одлука за избор на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања)

Се пристапи кон предлагање на членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Се предложија следниве членови:

1.Борче Гигов
2.Даниел Гоцев
3.Влатко Заов
4.Дарко Стојанов
5.Христина Горгиева

Се пристапи кон гласање за дадените предлози.

Со 11 гласа ЗА се донесе Одлука за членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања се избрани следните членовио на Совет:

1.Борче Гигов
2.Даниел Гоцев
3.Влатко Заов
4.Дарко Стојанов
5.Христина Горгиева

На првата работна седница на Комисијата, Комисијата ќе избере свој Претседател.

4 Точка (Одлука за избор на Претседател на Советот на општина Чешиново-Облешево)

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања се повлече за да даде предлог за Претседател на Советот.

Комисијата предлага за претседател на Советот да биде избран Горанчо Димишков.

Грозде Митров: јас го предлагам Виктор Нестов.

Се премина на гласање:

Со 7 гласа За се донесе Одлука за претседател на Советот е избран Горанчо Димишков.

- Горанчо Димишков : Ви благодарам на сите кои што гласавте , чест е да се биде на ваква функција ке се потрудиме да работиме максимално и да ги донесуваме најдобрите Одлуки за граѓаните на нашата општина.

Пред завршување на седницата Градоначалникот им се обрати на членовите на Советот.

-Градоначалник

Пред се сакам да Ви го честитам изборот и да Ви посакам успешна работа во наредниот четири годишен мандат. Да му го честитам и изборот на Претседателот на Совет. Се надевам дека во наредниот период ќе се донесуваат конструктивни Одлуки кои ќе бидат за општо добро на сите нас. Сите ние тука сме претставници на политички партии но нашата единствена цел е доброто на сите граѓани на општина Чешиново – Облешево без разлика на која политичка партија припаѓаат. Сакам да Ви напоменам пред нас е период каде што ќе имаме многу работа , наредната седница може ќе биде и во многу брзо време. Уште еднаш да Ви поскам успешна работа. Ви благодарам.

Со исцрпување на Дневниот ред заврши првата конститутивна седница на советот на општина Чешиново-Облешево.

Седницата заврши во 10.00 часот.

Совет на општина Чешиново-Облешево
Претседател
Горанчо Димишков